A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-581/1
13.05.2026 год.
ЗРНОВЦИ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22, 171/22 и 3/25), Градоначалникот на Општина Зрновци, на ден 13.05.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА**

1. За планскиот документ **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Мородвис Блок 14, Блок 20, Блок 21 и Блок 22 со детална разработка, општина Зрновци, Плански период 2024-2034 Предлог план, не е** потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата за неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Зрновци: https://zrnovci.gov.mk/.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, одобрувањето на планскиот документ **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Мородвис Блок 14, Блок 20, Блок 21 и Блок 22 со детална разработка, општина Зрновци Плански период 2024-2034 Предлог план, нема да има влијание врз животната средина** од следните причини: Со планскиот документ, на ниво на плански опфат се предвидуваат следните намени: А1 – Домување во куќи, А3.3 - Згради за престој на пензионеристари и немоќни лица, Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности, В2 - Здравство и социјална заштита, Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија, Д1 – Парковско и пејзажно зеленило, Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило, Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини, Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури, Е1.6 – Канализациски инфраструктури (пречистителна станица), Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаница), Е1.12 – Инфраструктури за наводнување, Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани, односно намени кои не ја загадуваат околината, не создаваат емисии на штетни материи, не создаваат бучава, не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. Влијанијата кои ќе се јават во фаза на градба се проценуваат како малку значајни и со ограничен временски рок.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изготвил: Вера Арсова

**ОПШТИНА ЗРНОВЦИ**
**Градоначалник,**
**Ванчо Митев**

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 12-581/2
13.05 2026 год
ЗРНОВЦИ

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Мородвис Блок 14, Блок 20, Блок 21 и Блок 22 со детална разработка, општина Зрновци -** Плански период 2024-2034 Предлог план |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | **Општина Зрновци** |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | **Општина Зрновци** |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | **Вера Арсова** |
| Назив на работното место | водење на постапка |
| Контакт податоци за лицето | Тел. 078 423 097 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти за 2026 година на подрачјето на Општина Зрновци | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| се вршат измени на постоен плански документ<br>Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Планскиот документ на кој се врши измена е со наслов: Урбанистички план за село Мородвис, Општина Зрновци, плански период 2019-2029, донесен со Одлука бр. 08-883/1 од 16.09.2022 г. од совет на Општина Зрновци, за кој план, во претходна процедура е спроведена постапка за Стратегиска оцена на животната средина и добиено мислење по Финален извештај за стратегиска оцена на животната средина со архивски бр.15-5522/2 од 02.11.2018г. од Министерството за животна средина и просторно планирање. Причинита за Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Мородвис Блок 14, Блок 20, Блок 21 и Блок 22 со детална разработка, општина Зрновци, е со цел да се создадат услови за планирање на организирани простори кои ќе може да се интегрираат со изградената структура и создавање на услови за поедноставна реализација на просторот и моменталните потреби за подобар и пофункционален просторен развој, рационално користење на земјиштето, почитување и надградување на пејсажните вредности, пропишување на општи и посебни услови за градење. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен | | | |
| Да☒<br>Не | Член: 3 | Точка:13 | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| На ниво на план се дефинирани градежни парцели со намени А1 – Домување во куќи, А3.3 - Згради за престој на пензионеристари и немоќни лица, Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности, В2 - Здравство и социјална заштита, Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија, Д1 – Парковско и пејзажно зеленило, Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило, Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини, Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури, Е1.6 – Канализациски инфраструктури (пречистителна станица), Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаница), Е1.12 – Инфраструктури за наводнување, Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични | | | |

| |
|---|
| електрани. При понатамошна реализација на градбите, за секоја градба поединечно ќе се утврди потребата од спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина во склад со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка. |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| **НЕ**, Проектниот опфат на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Мородвис Блок 14, Блок 20, Блок 21 и Блок 22 со детална разработка, општина Зрновци, Плански период 2024-2034 Предлог план, се наоѓа на подрачје на Општина Зрновци, во КО Мородвис, а границите на опфатите за кои се врши изменување и дополнување се совпаѓаат со опфатите на постојните блокови 14, 20, 21 и 22, кои се движат по постојни и планирани улици. Површината на плански опфат изнесува 11,36 ха. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Целта на донесување на планскиот документ е овозмужување на непречена и брза реализација на градежните парцели и оформување па јавни простори. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ /** |
| 2024-2034 |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| 10 години |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Проектниот опфат на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Мородвис Блок 14, Блок 20, Блок 21 и Блок 22 со детална разработка, општина Зрновци, Плански период 2024-2034 Предлог план, се наоѓа на подрачје на Општина Зрновци, во КО Мородвис, а границите на опфатите за кои се врши изменување и дополнување се совпаѓаат со опфатите на постојните блокови 14, 20, 21 и 22, кои се движат по постојни и планирани улици. Површината на плански опфат изнесува 11,36 ха. |



| |
|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да √<br>Не |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не √ |

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и

| | |
|---|---|
| **Потенцијалпите влијанија врз животната средина од планскиот документ.** Влијанијата од Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Зрновци Блок 11 со детална разработка, КО Зрновци, Општина Зрновци Плански период 2024-2034 Предлог план, може да се анализираат како позитивни и негативни влијанија и од аспект на идни позитивни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативните влијанија во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или одредување на ресурсите, влијанија врз сите медиуми на животната средина, биолошката разновидност, природата, пределот, културното наследство, луѓето и социо-економските влијанија. | |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Во екплоатационоит период не се очекуваат значајни кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини со предвидените намени, не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Со имплементацијата на урбанистичкиот план не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на поставување, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на планскиот опфат од границите на државата. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина не се очекуваат. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Опфатот на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Мородвис Блок 14, Блок 20, Блок 21 и Блок 22 со детална разработка, општина Зрновци, Плански период 2024-2034 Предлог план, се наоѓа на подрачје на Општина Зрновци, во КО Мородвис, а границите на опфатите за кои се врши изменување и дополнување се совпаѓаат со опфатите на постојните блокови 14, 20, 21 и 22, кој се движи по постојни и планирани улици. Површината на плански опфат изнесува 11,36 ха. Во рамки на планскиот опфат планирани се 107 домаќинства или вкупно 385 жители. Бруто густина на населеност е 34 жители / ха. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, уреденост на просторот и социо-економски развој. | |

| | |
|---|---|
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Предметниот проектен опфат е во плански опфат на УПС Муродвис, неизградено земјиште со планиран иден развој. Со имплеменација на планскиот документ се очекува поголема уреденост и организација на предметниот простор. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | На просторот кој е предмет на изработка на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Мородвис Блок 14, Блок 20, Блок 21 и Блок 22 со детална разработка, општина Зрновци, согласно податоците добиени од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство со Бр. 17-1897/2 од 28.05.2024г., во границите на опфатот не постои кулурно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.<br>Доколку при реализија на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба е да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на кулурното наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Планскиот опфат на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Мородвис Блок 14, Блок 20, Блок 21 и Блок 22 со детална разработка, општина Зрновци, не опфаќа простор кој е веќе градежно изграден со објекти со намена домување, комерцијални и деловни намени, парковско зеленило. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја** | Не се очекува влијание врз областите и пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** | |
| Со Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Мородвис Блок 14, Блок 20, Блок 21 и Блок 22 со детална разработка, општина Зрновци, опфатен е простор со површина од вкупно 11.36 ха, во кои ќе се обезбеди повисок степен на уреденост, и поголем квалитет на услугите на корисниците во планскиот опфат. | |

| |
|---|
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Со планскиот документ, на ниво на плански опфат се предвидиваат следните намени: А1 – Домување во куќи, А3.3 - Згради за престој на пензионеристари и немоќни лица, Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности, В2 - Здравство и социјална заштита, Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија, Д1 – Парковско и пејзажно зеленило, Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило, Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини, Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури, Е1.6 – Канализациски инфраструктури (пречистителна станица), Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаница), Е1.12 – Инфраструктури за наводнување, Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани, односно намени кои не ја загадуваат околината, не создаваат емисии на штетни материи, не создаваат бучава, не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој(да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**<br>Имплементацијата на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Мородвис Блок 14, Блок 20, Блок 21 и Блок 22 со детална разработка, општина Зрновци, ќе има влијанија во текот на реализацијата кои се огледаат во следните области од животната средина:<br>- воздух - активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот, пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметната локација во текот на изградбата, но нема значително да го загрози квалитетот на воздухот. Во текот на експлоатацијата нема влијанија врз воздухот.<br>- површински и подземни води - со реализација на планот не се очекуваат значителни влијанија врз површинските и подземните води.<br>- бучава - во фазата на изградба се очекува зголемено ниво на бучава на предметната локација од градежните машини.<br>- отпад - доколку при изградба на објектите се создаде отпад, создавачите на отпад се должни во најголема можна мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создадениот отпад треба да се депонира организирано во соодветна депонија. |

| |
|---|
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**<br>Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:<br>- зголемување на нивото на загадување на воздухот (предизвикано од издувните гасови на возилата и механизацијата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата и од загревање на објектите доколку се користат дрва за огрев);<br>- зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности);<br>- зголемување на количината на продуциран отпад (предизвикано од градежните активности)<br>Овие активности се локални и краткорочни и во одреден временски период во фаза на изградбата. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Планскиот опфат на планскиот документ, бил предмет на оцена на влијанија на животната средина во постапката на изработка и донесување на Урбанистички план за село Муродвис, за кој е спроведена постапка за стратегиска оцена на влијанија на животната средина и добиено мислење по Финален извештај за стратегиска оцена на животната средина со архивски бр.15-5522/2 од 02.11.2018г. од Министерството за животна средина и просторно планирање. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Влијанијата се разгледувани во претходна фаза на носење на УПС Муродвис, за кој се зададени мерки за заштита, намалување и ублажување на негативните влијанија на планскиот документ и тоа врз населението и човековото здравје, врз квалитетот на воздухот, влијанија од бучава, квалитетот на водите, почвата, пределот , културно – историското наследство и биодиверзитетот. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Пред изградба на поединечните објекти, кои влегуваат во состав на проектниот опфат ќе се оцени потребата од изработка на Студија за оцена на влијание на објектите врз животната средина/ Елаборат за заштита на животната средина. |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник**<br>**Ванчо Митев** |
| **Датум: 13.05.2026.**<br>**Место:** Зрновци | **М.П.** |

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Зрновци
Примено: 28.05.2026
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 581/4 | | |

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-1981/2
Дата/Data: 26-05-2026

ДО: Општина Зрновци
Ул. Илинденска бр. 186
2305 Зрновци
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: Известување
Врска: Ваш бр. 09-581/3 од 13.05.2026 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање–Сектор за просторно планирање под бр. 15-1981/1 од 18.05.2026 година поврзано со постапката за носење на планската документација Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Мородвис Блок 14, Блок 20, Блок 21 и Блок 22 со детална разработка, - Општина Зрновци, Плански период 2024-2034 година, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр: 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и "Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) Вашата Одлука за Неспроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина бр. 09-581/1 од 13.05.2026 година и формуларот бр. 09-581/2 од 13.05.2026 година Министерството за животна средина и просторно планирање ги прифаќа.

DREJTUAR: Komuna e Zërnovcit
Rr. Ilindenska nr. 186
2305 Zërnovci
Republika e Maqedonisë së Veriut

LËNDA: Njoftim
Lidhur me: nr. Juaj 09-581/3 të datës 13.05.2026

Të nderuar,

Lidhur me kërkesën Tuaj për mendim, të dorëzuar në Ministrinë e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor – Sektori për Planifikim Hapësinor me nr. 15-1981/1 të datës 18.05.2026, e lidhur me procedurën për miratimin e dokumentacionit planor Ndryshim dhe plotësim i Planit Urbanistik për fshatin Morodvis Blloku 14, Blloku 20, Blloku 21 dhe Blloku 22 me përpunim të detajuar – Komuna e Zërnovcit, periudha planore 2024-2034, Ju njoftojmë se në pajtim me Ligjin për Mjedisin Jetësor ("Gazeta Zyrtare e RM-së" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr. 89/22 dhe 171/22), Vendimin Tuaj për Moszbatim të Vlerësimit Strategjik të Ndikimit në Mjedis nr. 09-581/1 të datës 13.05.2026 dhe formularin nr. 09-581/2 të datës 13.05.2026. Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor e pranon.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Одлуката заедно со формуларот задолжително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Vendimi së bashku me formularin detyrimisht publikohen në faqen e internetit të organit që e përgatit dhe e miraton dokumentin planor.

Со почит,

Me respekt,

МИНИСТЕР/MINISTËR
Muamet Hoxha

Изработил/Përpiloi: Бајрам Цамиќ
Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk